| MACEDONIAN FISHING FEDERATION<br>Add: Bulevar "Koco Racin" 75<br>Skopje, Republic of Macedonia<br>Tel/fax: +389 2 31 64 539<br>**E.mail: contact@mrf1952.mk**<br>**Website: www.mrf1952.mk** | | **МАКЕДОНСКА РИБОЛОВНА ФЕДЕРАЦИЈА**<br>Адреса: Бул. " Кочо Рацин" 75<br>Скопје, Република Македонија<br>Тел/факс: +389 2 31 64 539<br>**E.mail: contact@mrf1952.mk**<br>**Website: www.mrf1952.mk** |
|---|---|---|

# ПРОГРАМА
# за НАТПРЕВАР во СПОРТСКИ РИБОЛОВ
# „СРЕДБА НА ВЕТРАНИ – 2026“

Согласно усвоениот Календар и Пропозициите за Спортско-риболовни натпревари во дисциплината „Пливк“ за 2026 година, ја објавуваме Програмата за „**СРЕДБА НА ВЕТРАНИ – 2026“, за спортски и рекреативни риболовци**. Натпреварот ќе се одржат на Дојранското Езеро, на ден 19.09.2026 год.

Организатор на натпреварот: Македонската Риболовна Федерација (во понатамошниот текст МРФ) и Натпреварувачката комисија за дисциплина Пливка.

Право на учество на „ **СРЕДБА НА ВЕТРАНИ – 2026“** имаат сите Риболовни Здруженија и Клубови (во понатамошниот текст РЗК), членки на МРФ, со максимално две екипи, доколку навремено се пријават, и ја имаат платено годишната членарина за 2026 година.
**Котизацијата не се плаќа**.

Краен рок за пријавување е 15.09.2026 година.

Екипите се составени од 3 (три) натпреварувачи, 1 (еден) резервен натпреварувач и 1 (еден) капитен на екипата и може да бидат составени од мажи, жени или комбинирано. Право на учество имаат само риболовци кои во годината во која се одржува натпреварот полнат 60 години, (родени 1966 год.) и повозрасни. **На средбата немаат право да натпреваруваат натпреварувачи кои учествувале во Лигата или Купот пливка - 2026**. За утврдување на идентитетот, членовите на екипите задолжително треба да поседуваат спортски или легитимација за рекреативен риболов за 2026 год.
Сите натпреварувачи и капитени да носата обележја на своето РЗК, и да бидат истообразно облечени.
Натпреварот нема да се одржи во екипна конкуренција, доколку се пријават помалку од 4(четири) екипи. Доколку на натпреварот се пријават помалку од 4 (четири) екипи, натпреварот ќе се одржи само во поединечена конкуренција. А доколку се пријават помалку од 7(седум) натпреварувачи, натпреварот нема да се одржи нити во поединечна конкуренција.
Натпреварот ќе се организира во еден натпреварувачки ден.
Натпреварот ќе трае 3 (три) часа не сметајќи го времето за подготовка. Времето за подготовка се ограничува на 60 минути.

Активни се следните видиви риби: црвеноперка, плашица(белвица), костреж, сребрен карас, крап и др.
Дозволениот прибор и опрема за натпреварот, количината на прихрана и мамки ќе бидат согласно Правилата за натпревари во дисциплината „пливка“.
Задолжително е поседување на риболовна мрежа (чуварка) за чување на уловените риби во жива состојба, со прстени и минимална должина од 2 метри.
Пресметувањето на резултатите ќе се врши согласно Правилата за натпревари во дисциплината „пливка“. Екипите и натпреварувачите ќе се бодуваат во екипна и поединечна конкуренција. Најдобро пласираната екипа и поединец се стекнуваат со титулата Победник на Средбата на ветерани - 2026“.

Тренинг на патеката е дозволено на ден 18.09.2026 год. во времето од 08,00 до 16,00часот.

**ТЕК НА СРЕДБАТА:**

**<u>ПЕТОК, 18.09.2026 год.</u>**

08,00 до 16,00 – тренинг на патеката

до 19,00 пристигање на екипите,
20,00 пријава на екипите и заедничко дружење.

**<u>САБОТА, 19.09.2026 год.</u>**

**<u>СААТНИЦА ЗА НАТПРЕВАРОТ</u>**

До 07:00 пристигнување на екипите и натпреварувачите
07:15 – Свечено отварање на Средбата на ветерани - 2026
07:30 – 07,45 извлекување на стартните позиции
07:45 - 08:00 пристап до стартните места
1 сигнал 08:00 влегување во стартните места
2 сигнал 08:05 пет минути до контрола на прихраната и мамките
3 сигнал 08:10 контрола на прихраната и мамките
4 сигнал 08:50 тешка прихрана
5 сигнал 09:00 почеток на ловењето риби
6 сигнал 11:55 пет минути до крајот на натпреварот
7 сигнал 12:00 крај на ловењето риби.

14,00 заеднички ручек.

19,00 прогласување на победниците на средбата
20,00 заедничка вечера и дружење.

**<u>НЕДЕЛА, 20.09.2026 год.</u>**

08,00 доручек и кафе муабет,
10,00 напуштање на кампот.

За сите екипи и натпреварувачи да бидат заедно, организирано е сместување во Авто кампот „Партизан“ во Стар Дојран, по многу поволни цени (користење на камп куќарка за еден ден изнесува 1.000 денари). Резервација да се врши кај шефот на кампот: Драги Миов тел. 075/422-425, со најава дека сте учесници на Средбата на реболовци ветерани.

За нејасни прашања може да се обратите до претседателит на натпреварувачка конисија „пливка“, Димче Мајковски.

Натпреварувачка комисија „Пливка“
Димче Мајковски